ТЕХНОКОМЕРЦ
АД Скопје
www.tehnokomerc.com.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ТЕХНОКОМЕРЦ АД**
**За периодот Јануари – Декември 2022година**

Технокомерц АД Скопје во периодот Јануари – Декември 2022 година оствари негативен финансиски резултат искажан во неревидираниот Биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2022 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Технокомерц АД - Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените вкупни приходи изнесуваат 525,623 илјади денари и тие се за 35% намалени во споредба со вкупните приходи остварени во 2021 година.
Приходите од продажба достигнаа износ од 514,097 илјади денари и се за 35% намалени во споредба со 2021 година кога изнесуваа 789,616 илјади денари.
Од вкупните приходи, 99,9% се приходи од оперативно работење.

**Вкупни расходи**

Вкупни расходи достигнаа износ од 532,548 илјади денари и тие се за 24% намалени во споредба со расходите остварени во 2021 година.
Од вкупните расходи 98,99% се оперативни расходи додека финансиските расходи изнесуваат 1,01% од вкупните расходи.

**Обврски по кредити**

Вкупните обврски по кредити на 31.12.2022 година изнесуваат 106,996 илјади денари и тие се за 5 % намалени во споредба со вкупните обврски по кредити во 2021 година.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции за материјални и нематријални средства за дадениот период изнесуваат 13,906 илјади денари.Од вкупните вложувања позначајно е вложувањето во фотонапонска електроцентрала како и набавката на монтажен објект за чување на гуми.

**Девиденда**

Во тековната година исплатена е девиденда во вкупен износ од 940 илјади денари.

**Нето загуба**

Технокомерц АД - Скопје за периодот од 01.01.-31.12.2022 година забележа загуба од 6,891 илјади денари. Од вкупната загуба 2,021 е оперативна загуба, додека загубата од финансиското работење изнесува 4,870 илјади денари.

**Очекувања за престојниот период**

Во наредниот период, целта на друштвото е постигнување на позитивен финасиски резултат.
За остварување на поставената цел се планира да се превземат следните активности: зголемување на продажбата, интензивирање на активностите за наплата на побарувања, обезбедување на тековна ликвидност на друштвото како и рационализирање на трошоците на работењето.

Технокомерц АД Скопје